# АКЦИСКИ ПЛАН ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА
## ЗА ПЕРИОД 2024-2025

### Табеларен преглед/извештај за реализација и остварените резултати согласно АП за БЗР 2024-2025

Овој Извештај е подготвен во табеларна форма, при што е употребена матрицата содржана во Акцискиот план за БЗР за периодот 2024-2025. Во табелата се прикажани информации и податоци кои се однесуваат на степенот на реализација и постигнатите резултати по однос на секоја од активностите кои се наведени во АП за БЗР 2024-2025. Извештајот е подготвен врз основа на информации кои се доставени од страна на различни субјекти кои учествуваат во креирање, спроведување, следење на спроведувањето на различни политики, мерки и активности од областа на безбедноста и здравјето при работа. Придонеси за подготовка на овој Извештај се побарани од сите релевантни субјекти преку Советот за безбедност и здравје при работа (седница на Советот, одржана на 24.12.2024 година) и е подготвен врз основа на доставените материјали. Подготовката на Извештајот ја координираше Министерството за економија и труд.

Како што може да се забележи од наведеното во табелата, за повеќето активности кои се вклучени во Акцискиот план за изминатиот период може да се заклучи дека или активноста е реализирана во целост или дека е во тек (т.е. одредени конкретни чекори во тој дел се реализираат, но не може да се смета дека активноста наведена во АП е целосно реализирана и комплетирана). Одредени планирани активности остануваат нереализирани од различни причини и истите, доколку се сеуште актуелни, ќе можат да бидат вклучени и во следниот Акциски план кој ќе се подготви за периодот 2026-2027година.

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1**<br>**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА ВО БЗР** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Временска рамка** | **Одговорни и вклучени институции / организации** | **Индикатори за следење** | **Финансиски средства** | **Статус/реализација** |
| **Донесување на нов Закон за безбедност и здравје при работа** | 2024, 2025 | МЕТ, ДИТ, сите останати клучни партнери | -Изработен предлог-Закон за БЗР<br>-Усвоен Закон за БЗР | МЕТ: 120,000<br><br>2024/25: 480,000 финансиска и експертска поддршка од МОТ/ЕУ (ЕСАП 3 регионален проект) | Во наведениот период нема активност поврзани со носење на нов Закон за безбедност и здравје при работа. |
| **Ревизија на постоечки или донесување нови подзаконски акти (правилници) во доменот на БЗР** (во согласност со ЕУ директивите, како и новиот Закон за БЗР) | 2024, 2025 | МЕТ, ДИТ, МЗ, сите останати клучни партнери | -Изработени подзаконски акти-Правилници во доменот на БЗР<br>-Усвоени подзаконски акти-Правилници во доменот на БЗР | Нема фискални импликации<br><br>390,000 Поддршка од МОТ/ЕУ (ЕСАП 3 регионален проект) | Не е направена ревизија на подзаконските кти<br>Во овој период направено е усогласување на Правилниците со ЗОРОДУ<br>Во прилог дополнителен извештај за усогласени правилници |

| **<u>СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1</u><br>ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА ВО БЗР** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Временска рамка** | **Одговорни и вклучени институции / организации** | **Индикатори за следење** | **Финансиски средства** | **Статус/реализација** |
| **Анализа на потребата од измени и дополнувања (или евентуално, подготовка на нов) Правилник за привремени и мобилни градилишта** | 2024 | МЕТ, ДИТ, Совет за БЗР, професионални здруженија, социјални партнери, останати клучни партнери | Иницирани процес на анализа и консултации за ревидирање на подзаконскиот акт за БЗР на привремени и мобилни градилишта | МЕТ: 12,000 | Нереализирано |
| **Дискусија и анализа на потребата од носење на специфична регулатива (правилник) за работа на отворено и во услови на изложеност на екстремни временски услови** | 2024 | МЕТ, ДИТ, Совет за БЗР, професионални здруженија, социјални партнери, останати клучни партнери | Иницирани процес на дискусија, консултации и анализа потреба од подготовка на подзаконски акт за работа на отворено | Поддршка од МОТ 60,000 | Нереализирано |
| **Ревизија на постоечка или донесување нова специфична регулатива од други области, а од интерес за БЗР** | 2024, 2025 | МЕТ, ДИТ, релевантни институции согласно интересот, надлежностите и регулативата | - Формирање на работни групи за работа на регулатива за која надлежност | МЕТ<br>2024: 30,000<br>2025: 30,000 | Нереализирано |

| СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1<br>ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА ВО БЗР | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Временска рамка** | **Одговорни и вклучени институции / организации** | **Индикатори за следење** | **Финансиски средства** | **Статус/реализација** |
| | | | имаат повеќе институции/органи<br>- Изработена нова специфична регулатива од интерес за БЗР<br>-Усвоена нова специфична регулатива од интерес за БЗР | | |
| **Ратификување на конкретни Конвенции на МОТ во областа на БЗР и тоа во делот на БЗР во во градежништво (С167), БЗР во рудници (С176).** | 2024 | МЕТ, | - Подготовка и усвојување на Закон за ратификација на наведените Конвенции на МОТ | Нема фискални импликации | Нереализирано |
| **Ревидирање на правната рамка на опасни занимања, т.е. занимања/ работни места со високо ниво на ризици, за кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење (бенефициран стаж)** | 2024 | МЕТ, ФПИОМ,ИМТ , релевантни институции и организации, експерти од областа | - Изготвен подзаконски акт со ревидирана листа на опасни занимања / работни места | - Финансиска поддршка за активностите е обезбедена од Светска банка (проект) | **<u>Проектот е завршен.</u>** Во рамките на активностите од проектот **„Ревизија на листата на опасни занимања кои се квалификувани за** |

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1**<br>**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА ВО БЗР** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Временска рамка** | **Одговорни и вклучени институции / организации** | **Индикатори за следење** | **Финансиски средства** | **Статус/реализација** |
| | | | | 30,000,000 ден. (вкупен износ за проектот) | **предвремено пензионирање со бенефициран работен стаж (БРС)“** поддржан со Светска Банка, прикажани се состојбите на системите за предвремено пензионирање (бенефициран стаж) преку искуствата во земјите од поранешна Југославија, како и најдобрите практики на земјите од ЕУ.<br>За реализација на ревизијата на работните места и работните услови со набљудување на терен се остварени средби во вкупно **66 деловни субјекти**. При тоа се ревидирани **2,013 работни места**, сите достапни постоечки работни места на моменталната листа на |

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1**<br>**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА ВО БЗР** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Временска рамка** | **Одговорни и вклучени институции / организации** | **Индикатори за следење** | **Финансиски средства** | **Статус/реализација** |
| | | | | | работни места со стаж на осигурување со зголемено траење (дадени во Правилник за утврдување на работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, „Службен весник на РСМ“, бр.284/2021).<br><br>Согласно основната цел на проектот која предвидува ревидирање на Листа на опасни занимања/работни места подобни за предвремено пензионирање во согласност со нивото на ризик и предложениот степен на пензија, изработена е нова листа на ревидирани работни места со бенефициран стаж. Листата содржи |

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1**<br>**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА ВО БЗР** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Временска рамка** | **Одговорни и вклучени институции / организации** | **Индикатори за следење** | **Финансиски средства** | **Статус/реализација** |
| | | | | | назив на работното место, опис на ризиците на работното место, опис на работното место и работни задачи, предлог степен на осигурување, како и максимален број на години работно искуство и максимална возраст на работното место изложено на ризици. Предлог листата произлегува од експертската проценка и теренска работа од страна на тимовите на проектниот конзорциум составен од Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Центарот за истражување, развој и континуирано образование од Скопје, |

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1**

**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА ВО БЗР**

| Активност | Временска рамка | Одговорни и вклучени институции / организации | Индикатори за следење | Финансиски средства | Статус/реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, Технолаб ДОО од Скопје и Институтот за медицина на трудот на Р. Северна Македонија.<br><br>Од вкупно ревидирани 1,735 работни места во 41 дејност, на предложената листа на работни места подобни за предвремено пензионирање се наоѓаат вкупно 722 работни места, поделени во 29 дејности. Во споредба со претходната листа на работни места дефинирани со Правилникот (Сл. весник 284/2021) бројот на работни места е намален за 1,013 работни места или за 58.4%. |

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1**<br>**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА ВО БЗР** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Временска рамка** | **Одговорни и вклучени институции / организации** | **Индикатори за следење** | **Финансиски средства** | **Статус/реализација** |
| | | | | | Причините за намалување на бројот на работни места подобни за предвремено пензионирање со бенефициран работен стаж се најмногу поради изгаснати дејности или не постоење на деловни субјекти од соодветна дејност. Покрај тоа, технолошкиот напредок во одредени дејности придонесува да се намалат ризиците на работното места (дигитализација и автоматизација на технолошките процеси, користење на нови материјали, поефикасна ЛЗО и сл.), што доведува до промена на степенот на осигурување со бенифициран стаж или |

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1**<br>**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА ВО БЗР** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Временска рамка** | **Одговорни и вклучени институции / организации** | **Индикатори за следење** | **Финансиски средства** | **Статус/реализација** |
| | | | | | целосно укинување како работното места со зголемен ризик. Покрај тоа, направена е и ревизија на сите работни места во институциите од 7-мо поглавје од ЗПИО. Ревидирани се 2415 работни места за кои е утврден степен на осигурување согласно усвоената методологија за експертска проценка.<br>. |
| **Усогласување на легислативата во делот на методологијата на регистрирањето и евиденцијата на повредите при работа и професионалните болести со ЕУ методологијата и легислативата** (*Euporean stastics on accidents at work – ESAW* и *European occupational diseases statistics - EODS*) | 2025 | МЕТ, МЗ, ДИТ, релевантни институции согласно интересот и надлежностите | -Усогласена легислативата во методологијата на регистрирање то и евиденцијата на повредите при работа и професионалн ите болести | Поддршка ќе се обезбеди во рамки на планиран IPA III проект за „Унапредува ње на БЗР“ кој се планира да започне со имплементац ија кон крај | Нереализирано |

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1**

**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА ВО БЗР**

| Активност | Временска рамка | Одговорни и вклучени институции / организации | Индикатори за следење | Финансиски средства | Статус/реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | на 2024 год. (со вк.буџет од околу 2,5 М€) | |
| **Донесување на нова Стратегија за БЗР за периодот по 2025 година, со Акциски План** | 2025 | МЕТ, Совет за БЗР, сите останати клучни партнери | - Изработена и усвоена Стратегија за БЗР за период по 2025 година (со АП) | МЕТ: 2025: 30,000<br><br>Поддршка од МОТ/ЕУ: 840,000 | Нереализирано |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

**<u>СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2</u>**

**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

| Активност | Временска рамка | Одговорни и вклучени институции / организации | Индикатори за следење | Финансиски средства | Статус/реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **Јакнење на улогата, дејноста и капацитетите на Државниот инспекторат за труд** (ДИТ)<br>- Кадровско и техничко зајакнување на ДИТ<br>- Анализа и ревидирање на начинот и методологијата на работа на трудовите инспектори во делот на БЗР<br>- Дизајн и усвојување на нови, современи методи на работа, унапреден пристап во функционирањето, процедури, стандарди и практики, упатства и насоки за работа (каде што е потребно), во согласност со ЕУ и меѓународните практики и стандарди<br>- Ревидирање на моделот на известување за перформансите и реализираните активности на инспекторите<br>- Унапредување на информациониот систем и техничките ресурси во ДИТ<br>- Подобрување и унапредување на web-страната на ДИТ, воведување на нови содржини, овозможување на поголема интерактивност итн.<br>- Креирање на тренинг центар во ДИТ и развој на програми за обука<br>- Реализирање на обуки за инспекторите<br>- Обуки на инспектори на тема БЗР во градежништвото и рударството (поддршка МОТ/ЕУ – ЕСАП 3, 2025) | 2024, 2025 | ДИТ, МЕТ, МОТ | - Кадровско зајакнување на капацитетите на ДИТ, (број на нови вработувања на инспектори)<br>- техничко зајакнување на капацитетите на ДИТ (набавка на ИТ и друга опрема за потребите на Инспекторатот и инспекторите)<br>- развиени модули за обука<br>- број на реализирани обуки и обучени инспектори (и други вработени) | - Буџет на ДИТ, како и IPA III (планиран ЕУ ИПА проект за „Унапредување на БЗР“ кој се планира да почне кон крајот на 2024 ) – со планиран буџет од околу 2.5M € | Со стапување во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа( Сл. Весник на РСМ бр. 121/24 ) од 10.06.2024 и согласно од Законот за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор (Сл. Весник на РСМ бр. 272 од 27.12.2024 година Државниот инспекторат за труд е орган во состав на Министерството за економија и труд и нема својство на правно лице. Државниот инспектор за труд врши надзор врз примената на законите и другите прописи за работните односи,вработувањето,безбедноста и здравје при работа и колективните договори,договорите за вработување и други акти,со кои се уредуваат и |

**<u>СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2</u>**

**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

| Активност | Временска рамка | Одговорни и вклучени институции / организации | Индикатори за следење | Финансиски средства | Статус/реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | остваруваат правата,обврските и одговорностите на работниците и работодавачите од областа на работните односи и безбедноста и здравјето при работа. Државниот инспекторат за труд врши надзор над примената на следните закони: Закон за работните односи, Закон за безбедност и здравје при работа, Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, Закон за приватни агенции за вработување Закон за евиденциите од областа на трудот, Закон за практиканство, Закон за вработување на инвалидни лица, Закон за вработување на странци, Закон за волонтерство, Закон за минимална плата, Закон за заштита од вознемирување на работното место, Закон за заштита од пушење, Закон за |

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2**<br>**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Временска рамка** | **Одговорни и вклучени институции / организации** | **Индикатори за следење** | **Финансиски средства** | **Статус/реализација** |
| | | | | | забрани и спречување на вршење на нерегистрирана дејност, колективните договори и околу 30 подзаконските акти од областа на безбедност и здравје при работа.<br>Инспекциските надзори се спроведуваат во два сектора за инспекциски надзори од област на БЗР и РО.<br>Во периодот 2024-2025 година на двајца инспектори од секторот бзр им заврши работниот однос по основ на пензионирање а шест вработени кои беа под менторство го завршија истото и се стекнаа со лиценци за инспектори и извршуваат активности како инспектори од областа на безбедност и здравје при работа.<br>Во функција е нова веб страна на Државниот инспекторат за труд.<br>Државниот инспекторат за труд продолжува да работи |

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2**

**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

| Активност | Временска рамка | Одговорни и вклучени институции / организации | Индикатори за следење | Финансиски средства | Статус/реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | на платформата е-инспектор преку која се постигнува унифицираност при примената на прописите,подобрена размена на информации, прибавување и размена на податоци од другите институции неопходни за ефикасно спроведување на инспекцискиот надзор, подобрување на организациската поставеност на инспекцискиот надзор; зголемена транспаретност на инспекциските постапки ,подобрена координација на инспекциските активности и стандардизирани повратни информации; Предизвик на ДИТ е да дадеме наш допринос преку спроведување на попрофесионални и поефикасни инспекциски надзори кај работодавачите и на тој начин делуваме и во правец на намалување на повредите при работа |

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2**

**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

| Активност | Временска рамка | Одговорни и вклучени институции / организации | Индикатори за следење | Финансиски средства | Статус/реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | особено повредите со фатален исход кои се значаен индикатор во полето на бзр и во тој правец ДИТ изработи своја процедура за вршење инспекциски надзор при увид за истрага на несреќите при работа со арх . бр. 10-3908 од 24.08.2023 год и истата се користи од страна на инспекторите и која е во согласност со упатство на МОТ.<br>ДИТ работи врз основ на Годишен План како и Месечните Планови преку кои се овозможува дефинирање на цели, мерки и активости кои што обезбедуваат реализација на активностите, како и следење на реализацијата на истите со што се креираат предуслови за остварување на јавниот интерес, заштита на правата на работниците и обезбедување на здрава и безбедна работна средина. Државниот инспекторат за |

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2**

**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

| Активност | Временска рамка | Одговорни и вклучени институции / организации | Индикатори за следење | Финансиски средства | Статус/реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | труд своите планови за работа ги реализира преку спроведување на : - редовни инспекциски надзори, вонредни инспекциски надзори и контролни инспекциски надзори.<br><br>Во Годишни планови за работа за 2024 и 2025 на Државниот инспекторат за труд бројот на реализираните надзори отстапува во однос на бројот на планираните надзори и истото е потенцирано во нив поради фактот од неможноста точно да се планираат вонредните надзор ( преставки и случени и пријавени повреди при работа) како и по основ на извршени вонредни надзори во случаеви на прогласени топлотни бранови во РСМ во летото 2024 год, и 2025 година и исто така поради спроведените акции на ДИТ |

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2**

**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

| Активност | Временска рамка | Одговорни и вклучени институции / организации | Индикатори за следење | Финансиски средства | Статус/реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | особено во градежништвото во 2024 год и во 2025 година<br>Според Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука за инспекторите за труд кој се изготвува од страна на Државниот инспекторат за труд за 2024 и за 2025 година се предвидени генерички и специјализирани обуки<br>Генерички обуки 2024<br>1.Канцелариско работење/архивско работење (Уредба)<br>2. Етика (Кодекс на инспектори, спречување на корупција)<br>3.Е-инспектор<br>Специјализирани обуки од областа на БЗР 2024<br>1.Правилник за безбедност и здравје при работа на вработените изложени на ризик од бучава<br>2. Правилник за безбедност и здравје при употреба на опрема за работа |

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2**

**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

| Активност | Временска рамка | Одговорни и вклучени институции / организации | Индикатори за следење | Финансиски средства | Статус/реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 3. Процедура за вршење на инспекциски надзор при увид за истрага на несреќа при работа<br>Генерички обуки 2025<br>1. Одговорност и санкции и постапки (Закон за прекршоци)<br>2.Управување со време<br>3. Комуникација<br>Специјализираните обуки за инспекторите од безбедност и здравје при работа 2025 година:<br>1.Закон за безбедност и здравје при работа – редовен надзор (чек листа)<br>2.Правилник за условите на вработените, организацијата техничките и други услови кои треба да ги исполни правното или физичко лице за вршење стручни работи<br>3.Правилник за минималните барања безбедност и здравје при работа на привремени мобилни градилишта<br>Согласно планот на активноси предвидените |

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2**<br>**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Временска рамка** | **Одговорни и вклучени институции / организации** | **Индикатори за следење** | **Финансиски средства** | **Статус/реализација** |
| | | | | | обуки ке се извршат во втора половина на 2025 година. Државните инспектори за труд во овој период земаа учество на семинари конференции,работни групи односно настани организирани од социјалните партнери и сите чинители во нашето општество кои работат на полето на безбедност и здравје при работа и побарале присуство на претставници од Државниот инспекторат за труд. Државниот инспекторат за труд зема активно учество во започнатиот проект „Кон безбедна и здрава работна средина во С. Македонија“, финансиран од Европската Унија и спроведуван од страна на Меѓународната организација на трудот (МОТ) кој има за цел да даде значаен придонес кон унапредување на безбедноста и здравјето при работа, преку поддршка на |

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2**<br>**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Временска рамка** | **Одговорни и вклучени институции / организации** | **Индикатори за следење** | **Финансиски средства** | **Статус/реализација** |
| | | | | | институциите, социјалните партнери и сите релевантни чинители во Македонија. Во истиот се предвидени активности за зголемување на капацитетите на Државниот инспекторат за труд и е предвиден тренинг центар во ДИТ и развој на програми за обука. |
| **Зајакнување на капацитетите на Министерството за економија и труд во делот на БЗР**<br>Дополнително ангажирање (вработување/назначување) на лица за реализирање на работни задачи во делот на безбедност и здравје при работа; обуки на вработените и сл. | 2024, 2025 | МЕТ | - ангажирани лица (вработени) за работа во областа на БЗР;<br>- реализирани обуки/семинари за вработените во МЕТ за прашања од БЗР | МЕТ<br><br>2025: 960,000 | Во тек е изработка за нова систематизација во МЕТ Од Од страна на Сектор труд доставен е предлог за формирање на ново одделение за безбедност и здравје при работа. |
| **Зајакнување на капацитетите на Советот за БЗР**<br>- Обуки/работилници/семинари за членови на Советот;<br>- Реализирање на активности за зголемување на видливоста и влијанието на Советот (промотивни активности, организирање и учество во кампањи и активности за подигнување на свеста, одржување на редовни седници на кои се дискутираат | 2024, 2025 | Совет за БЗР, МЕТ, останати релевантни и засегнати институции и организации | -Реализирани работилници/семинари;<br>-Институционално зајакнување на Советот како советодавно тело на Владата на РСМ, преку проактивно делување | МЕТ<br><br>2024: 30,000<br>2025: 30,000 | Во изминатиот период Советот за БЗР се префрли со работа во МЕТ, при што продолжи со редовно одржување седници и дискусии за актуелни прашања и теми од областа. Советот за БЗР учествува во организацијата на промотивни настани, како и |

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2**

**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

| Активност | Временска рамка | Одговорни и вклучени институции / организации | Индикатори за следење | Финансиски средства | Статус/реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| актуелни теми од областа на БЗР, носење заклучоци/препораки и сл.) | | | (предложени препораки, измени и дополнувања, како и носење на нови законски и подзаконски акти) | | во дисеминирањето на промотивни материјали и пораки поврзани, пред сè, со Европската кампања за здрави работни места и др.<br><br>Во делот на подобрувањето на видливоста на Советот за БЗР и неговата работа, придонесува и редовното одржување на содржините во делот за Советот на web-страната на МЕТ, каде редовно се објавуваат информации за одржаните седници (се објавуваат извадоци од записниците од одржаните седници), како и други поважни материјали – препораки и сл. усвоени од Советот. |
| **Јакнење и унапредување на капацитетите на стручните лица за безбедност при работа**<br>- Обуки/работилници/семинари за унапредување на знаењата на стручните лица за безбедност при работа | 2024, 2025 | МЕТ, ДИТ, овластени провајдери на обуки, стручни здруженија за БР и медицина на трудот, универзитети и факултети | - реализирани обуки за континуирана едукација и развој на дополнителни | 2024: 180,000<br>2025: 180,000<br><br>дополнително - средства во рамки на | **Јакнење и унапредување на капацитетите на стручните лица за безбедност при работа** |

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2**

**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

| Активност | Временска рамка | Одговорни и вклучени институции / организации | Индикатори за следење | Финансиски средства | Статус/реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| - Реализирање на процесот на полагање на стручен испит и овластување на стручни лица<br>- Унапредување, модернизирање и развој на програмите, моделите и формите на континуирана професионална едукација на стручните лица за БР<br>- Размена и пренесување на искуства и знаења на меѓународен план (во регионот и пошироко) | | со студиски и наставни програми од БЗР, МОТ | знаења и вештини на стручните лица за БР преку реализирани обуки на различни теми од областа на БЗР<br>-Зголемен број на стручни лица за БР | буџетите на организатори те, надлежните институции | Обуки/работилници/семинар и за унапредување на знаењата на стручните лица за безбедност при работа<br>- Реализирање на процесот на полагање на стручен испит и овластување на стручни лица<br>- Унапредување, модернизирање и развој на програмите, моделите и формите на континуирана професионална едукација на стручните лица за БР<br>- Размена и пренесување на искуства и знаења на меѓународен план (во регионот и пошироко)<br><br>Спроведено:<br>2024<br>1. 2024 г. – Одржана обука на тема Управување со опасен отпад, собирање и отстранување, складирање и депонирање, рециклирање, горење, критички точки и Case |

**<u>СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2</u>**

**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

| Активност | Временска рамка | Одговорни и вклучени институции / организации | Индикатори за следење | Финансиски средства | Статус/реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Study. Присутни 32 учесника. Вредност на обуката 150.000, 00 Мк.<br>2. Студиска посета- 23-25.04.2025 година, Посета на SAWO Fair, Познан – Полска. Присутни 22 учесника. Вредност на студиска посета – 770.000,00 МКД<br>3. 08.11.2024 – Одржана Обука на тема Систем за управување со безбедност и здрвајe при работа – ISO 45000:2018. Пристуни 35 учесника. Вредност на обуката 175.000,00 МКД<br>4. Обука – Новитети во областа на лична заштитна опрема. – Присутни повеќе од 50 учесниа. Вредност – 12.000,00 Евра – подршка на донатор од Италија<br>5. Обука – 25.12.2024 – Тема на обуката Менаџирање на процесот на безбедност и здравје при |

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2**<br>**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Временска рамка** | **Одговорни и вклучени институции / организации** | **Индикатори за следење** | **Финансиски средства** | **Статус/реализација** |
| | | | | | работа. Пристуни 60 учесника. Вредност на обуката – 192.000,00 МКД<br>2025<br>1. 12.02.2025 – Одржана обука на тема Ергономија како основни принципи за превентивни мерки од мускулоскелетни заболувања. Присутни 32 учесника. Вредност на обуката 150.000,00 МКД.<br>2. 30.04.2025 – Одржана обука на тема Најчести грешки во процесот на процена на ризик во организацијата. – Пожарите како ризик за опасност и превентивни дејствија за заштита. Присутни 20 учесника. Вредност на обуката 100.000,00 МКД<br>2024 и 2025 година<br>1. 28 Април – Светски ден за безбедност и здравје при работа |

**<u>СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2</u>**

**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

| **Активност** | **Временска рамка** | **Одговорни и вклучени институции / организации** | **Индикатори за следење** | **Финансиски средства** | **Статус/реализација** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | - 28 Април 2024 година – во парк во Општина Аеродром организиран е настан за засадување на садници во чест на сите загинати работници на работното место<br>- Подготвен е Годишен извештај за несреќи при работа за 2023 година. Промовиран, медиумски покриен, споделен со сите чинители.<br>2. 28 Април – Светски ден за безбедност и здравје при работа<br>- 28 Април 2024 година – во парк во Општина Аеродром организиран е настан за засадување на садници во чест на сите загинати работници на работното место<br>- Подготвен е Годишен извештај за |

**<u>СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2</u>**

**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

| Активност | Временска рамка | Одговорни и вклучени институции / организации | Индикатори за следење | Финансиски средства | Статус/реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | несреќи при работа за 2023 година. Промовиран, медиумски покриен, споделен со сите чинители.<br><br>Во текот на двете години учество на настани организирани до синдикати, работодавачи, меѓународни проекти и др. |
| **Образование и континуирана едукација и усовршување во БЗР**<br>- Промовирање и акредитација на специјалистички програми за БЗР | 2024, 2025 | УКИМ, УГД, УКЛО, Универзитет „Мајка Тереза“, Совет за БЗР | Акредитирани заеднички програми за специјалистички студии за БЗР | Сопствени средства на универзитети те | Нереализирано<br><br>Студиските програми од областа на БЗР на сите три циклуси на сите универзитети се неатрактивни за студентите од причина што сеуште стои условот од 5 години искуство за полагање на стручниот испит, кој веќе |

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2**

**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

| Активност | Временска рамка | Одговорни и вклучени институции / организации | Индикатори за следење | Финансиски средства | Статус/реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | две години не се реализира. И покрај барањата на пазарот на труд за овие кадри, сеуште не е решено како ќе продолжи реализацијата на стручниот испит за БР. Универзитетите и факултетите кои реализираат студиски програми од областа на БЗР се согласни за акредитација на унифицирани специјалистички програми за БЗР, кои понатаму би биле основа за овластување на стручни лица за безбедност при работа од страна на МТСП. |
| **Внесување на теми, промовирање на превентивна БЗР култура и принципи на БЗР, усвојување на знаења и вештини од областа на БЗР низ образовен процес на сите нивоа од основно, средно и високо образование;**<br>- развој на промотивни и едукативни материјали и наставни програми за внесување на теми од БЗР во основното и средното образование | 2024, 2025 | МЕТ, МОН, OSH-VET ambassador, здруженија на стручни лица по БР и медицина на трудот, | - програми за едукација и обука за БЗР во основните и средни училишта, со воведување на основните принципи за БЗР во | - Планирана поддршка во рамки на ЕУ ИПА проектот за „Унапредува ње на БЗР“<br><br>- сопствени средства на | Техничките факултети и факултетите од медицинските и природните науки, во рамките на своите студиски програми во секоја наставна дисциплина која содржи работа со технологии и материјали од кои |

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2**

**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

| Активност | Временска рамка | Одговорни и вклучени институции / организации | Индикатори за следење | Финансиски средства | Статус/реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | наставните програми и содржината на наставните предмети;<br>- Подготовка на промотивен материјал и наставни програми (предлог за вклучување на БЗР теми во основно образование);<br>- реализирани настани (проекти) за промовирање на БЗР помеѓу учениците од основни/средни училишта;<br>-Посети во училишта и работилници на теми БЗР за подигање на свеста | организатори те | произлегуваат ризици по здравјето и безбедноста на вработените, содржат дел кој се однесува на заштита при работа. Но сепак, факултетите општестевените науки немаат воведено наставни содржини во кои се реализираат основни познавања од БЗР. |

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2**<br>**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
